<u>ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА</u>

ПРЕДЛАГАЧ: Стручната служба на Фондот

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

ИЗВЕСТИТЕЛ: Ajredin Amzai, пом. директор

**ОДЛУКА**
**за донесување Годишен план за јавни набавки на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2020 година**

Скопје, јануари 2020 година

Врз основа на член 157 став 1 точка 6 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19 и 275/19) и член 75 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), а во врска со Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/19), Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, на седницата одржана на 15 јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување Годишен план за јавни набавки на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2020 година**

**Член 1**

Согласно одредбите на член 75 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19), и член 2 од Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/19), и врз основа на финансискиот план утврден со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Годишниот план за јавни набавки содржи вкупни потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според Заедничкиот поимник за јавни набавки (ЗПЈН), очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот или рамковната спогодба.

**Член 2**

По потреба, во текот на годината може да се измени и/или дополни Годишниот план за јавни набавки согласно планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 02-292/1
15.01. 2020 год.
С к о п ј е

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**
**Боро Варошлија**

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА – FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT – SHKUP – СКОПЈЕ 1

**О б р а з л о ж е н и е**
**кон Одлуката за донесување Годишен план за јавни набавки на Фондот во 2020 година**

Согласно член 75 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19) и врз основа на планираните и обезбедените средства потребни за реализација на договорите со Буџетот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, се изготвува Годишен план за јавни набавки во 2020 година, а во согласност со Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на Годишниот план за јавни набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/19), кој ги содржи вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според Заедничкиот поимник за јавни набавки, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот или рамковната спогодба.

Во Годишниот план за јавни набавки се внесуваат и договорите кои ќе се реализираат повеќе од една година, и тоа во Годишниот план за јавни набавки за годината кога е планирано да се спроведе постапката за јавна набавка.

Согласно член 75 став 4 од законот, по потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени и/или дополни Годишниот план за јавни набавки согласно со планираните или обезбедените средства за јавни набавки и истите ги објавува на ЕСЈН.

Планот за јавни набавки за 2020 година се изготвува во согласност со доставените предлози за годишните потреби утврдени врз основа на претходна извршена анализа за клучните/материјални набавки, проценка на пазарот и утврдување на реални приоритети при планирање на јавните набавки од страна на соодветните организациони единици.

Годишниот план за јавни набавки е даден во Прилог кој е составен дел на Одлуката.

**Напомена:** Согласно законската обврска за објавување на годишните планови на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), Планот за јавни набавки ќе се објави на ЕСЈН и на веб страната на Фондот (http://www.piom.com.mk/nabavki/) до крајот на јануари.

Имајќи го предвид горенаведеното, се предлага, Управниот одбор на Фондот, да ја разгледа и донесе Одлуката за Годишниот план за јавни набавки на Фондот во 2020 година.